РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
СКОПЈЕ

| Примено: 15. 10. 2010 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 07 | 3778/1 | | |


Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02 и 82/08) и член 31 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 103/08, 33/10 и 116/10), министерот за образование и наука ја утврди наставната програма по предметот ***пијано*** за III одделение на деветгодишното основно музичко образование.

АРХИВСКИ ПРИМЕРОК

**НАСТАВНА ПРОГРАМА**

# ПИЈАНО

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

**ОСНОВНО МУЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ**

**ДЕВЕТГОДИШНО ОСНОВНО МУЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ**

Скопје, 2010

## ВОВЕД

Во трето одделение од деветгодишното основно музичко образование се изучуваат два наставни предмети: солфеж и инструмент по избор.
Наставата по предметот пијано е индивидуална и се изведува практично.

- Фонд на часови: 2 часа неделно по 30 минути со индивидуална настава, 72 часа годишно.
- Статус на предметот: задолжителен.

## 1. ЦЕЛИ НА ПРЕДМЕТОТ ЗА РАЗВОЈНИОТ ПЕРИОД II и III ОДДЕЛЕНИЕ

Ученикот/ученичката:

- да развива љубов и интерес кон музиката и инструментот пијано;
- да ја негува љубовта кон класичната музика;
- да стекнува сознанија за музичката култура на своето опкружување;
- да ја развива способноста за музичко креирање преку употреба на импровизацијата;
- да покажува интерес и желба за изведување на разни музички активности;
- да стекне самодоверба при извршувањето на музичките активности;
- да ја развива самостојноста при совладувањето на нотен текст со сите негови музички термини и ознаки;
- да ја развива музичката меморија и вниманието;
- да препознава музичка реченица со прашање и одговор, правилно да ја креира преку импровизација и да ја изведува;
- да ги совладува дурските и молските скали до два предзнаци во две октави;
- да стекнува и да ја развива умешноста за транспонирање во скали до два предзнаци;
- да развива чувство за стабилен и прецизен ритам при свирење;
- да го развива внатрешниот слух;
- да развива чувство за убава боја на звукот при изведбата на пијано;
- да го развива естетскиот вкус и критичкото мислење за вреднување на музиката;
- да покажува интерес за слушање музика, посета на концерти и други разни музички настани и приредби.

## 2. ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ПО ПИЈАНО ВО III ОДДЕЛЕНИЕ

Ученикот/ученичката:

- да развива љубов кон музиката преку изучување на пијаното;
- да го развива откривањето на изразните можности на инструментот;
- да ги употребува креативните вештини на импровизацијата;
- да покажува свирење од нотен текст во виолински и бас клуч во прва, втора, мала и голема октава;
- да препознава музичка реченица (фраза) во пиесите што ги свири и правилно да фразира;
- да ги препознава деловите од кусите дводелни и троделни форми;
- да го збогати емоционалниот живот преку свирење на композиции од разни жанрови;
- да развива музичка меморија;
- да демонстрира свирење дурски и молски скали до два предзнаци;
- да покажува способност за транспонирање во скали до два предзнаци;
- да покажува интерес за слушање музика, посета на концерти и други приредби;
- да го развива естетскиот вкус и критичко мислење за вреднување на музиката;
- да идентификува и дефинира едноставни музички форми (етида, канон, менует, сонатина);
- да покажува вештина за читање на едноставен нотен запис по принципот прима- виста.

## 3.КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ

| Наставен предмет – ПИЈАНО | | | |
|---|---|---|---|
| **Тема I - МУЗИЧКА ПИСМЕНОСТ ( 20 часа)** | | | |
| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
| Ученикот/ученичката: | | | **Активности** |
| - да демонстрира свирење на вежби во прва, втора, мала и голема октава; | - Вежби за пијано во опсег од голема до втора октава | - Голема, мала, прва и втора октава;<br>- бас, дискант;<br>- ноти во виолински клуч: (до2, ре2, ми2, фа2, сол2, ла2, си2, до3) и ноти во бас клуч: (до1, си, ла, сол, фа, ми, ре, до, СИ, ЛА, СОЛ, ФА, МИ, РЕ, ДО); | - Свирење вежби за пијано во опсег од голема до втора октава. |
| - да ги применува разните нотни вредности поединечно и комбинирано; | - Вежби со примена на разни нотни вредности поединечно и комбинирано | | - Свирење вежби со примена на разни нотни вредности поединечно и комбинирано. |
| - да ги препознава и применува нотните вредности шеснаестина и осмина со точка. | - Вежби со шеснаестини и осмини со точка | - шеснаестина нота и пауза;<br>- осмина со точка нота и пауза; | - Свирење вежби со шеснаестини и осмини со точка, ноти и паузи. |
| - да употребува разновидни ритмички комбинации. | - Вежби со разновидни ритмички комбинации<br><br>- Вежби во зададените метрички ознаки 3/8, 6/8 | - 3/8 и 6/8 такт;<br>- корона; | - Свирење вежби со разновидни ритмички комбинации.<br>- Свирење вежби во зададените метрички ознаки 3/8, 6/8. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - да препознава и применува ритмички фигури триола, предудар и трилер;<br><br>- да ги препознава и применува интервалите: прима, секста, септима и октава. | - вежби со триоли, предудар и трилери;<br><br>- вежби со поексти, септими*** и октави***, хармонски и разложено. | - триола, предудар, трилер;<br><br>- прима, секста, септима и октава. | - Свирење вежби со триоли, предудар и трилери.<br><br>- Свирење вежби со сексти, септими*** и октави***.<br><br>**Методи:**<br>монолошка<br>дијалошка<br>демонстративна. |

| Наставен предмет – ПИЈАНО | | | |
|---|---|---|---|
| **Тема II - ТЕХНИЧКАТА КОМПОНЕНТА НА ИЗВЕДБАТА НА ПИЈАНО (20 часа)** | | | |
| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
| Ученикот/ученичката:<br><br>- да развива вештина за изедначеност, јасност и компактност при свирењето скали;<br><br>- да развива вештина за координирано свирење со двете раце;<br><br>- да развива вештина за свирење дела со примена на техниката на имитација;<br><br>- да развива вештина за свирење на едноставни дела со полифон слог;<br><br>- да развива вештина за координирано и синхронизирано свирење различни видови артикулација во двете раце (легато и портато, легато и стакато);<br><br>- да препознава и применува дурски и молски*** трозвук со свртувањата. | - Скали: Ге-дур, Де-дур, Еф-дур, Бе-дур<br><br>- Вежби со скали<br><br>- Вежби со имитација<br><br>- Вежби во полифон слог<br><br>- Вежби со трозвуци | - Дурска скала<br><br>- Етида<br><br>- Имитација<br><br>- Полифонија, (канон, менует)<br><br>- Артикулација<br><br>- Дурски и молски*** трозвук, квинтакорд***, секстакорд***, квартсекстакорд***: | **Активности**<br><br>- Свирење дурски скали до два предзнаци.<br><br>- Свирење вежби со скалични движења.<br><br>- Свирење вежби со имитација.<br><br>- Свирење едноставни вежби во полифон слог, канони и менуети.<br><br>- Свирење вежби со дурски и молски*** трозвуци;<br>**Методи:**<br>монолошка<br>дијалошка<br>демонстративна. |

| Наставен предмет – ПИЈАНО | | | |
|---|---|---|---|
| **Тема III - ИНТЕРПРЕТАЦИСКА КОМПОНЕНТА НА ИЗВЕДБАТА ЗА ПИЈАНО (10 часа)** | | | |
| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
| Ученикот/ученичката:<br><br>- да ги препознава и применува ознаките за динамика; | - Вежби со динамички ознаки и ознаки за темпо | - Мецопијано<br>- Пијанисимо<br>- Фортисимо | **Активности**<br><br>- Свирење вежби кои содржат ознаки: мецопијано, пијанисимо, фортисимо. |
| - да ги препознава и применува ознаките за темпо во вежбите; | | - Алегро<br>- Анданте | - Свирење вежби кои содржат ознаки: алегро, анданте. |
| - да се запознава со стилските особини на музичките правци и жанрови; | - Вежби со различни стилски карактеристики и од различни епохи и жанрови | - Уметничка музика<br>- Народна музика<br>- Филмска музика<br>- Детска музика | - Свирење вежби од различни стилски епохи и жанрови. |
| - да препознава и изведува мали музички дводелни и триделни форми; | - Вежби со дводелна и триделна форма | - Менует<br>- Сонатина<br>- Варијации<br>- Игри<br>- Народни песни<br>- Танци | - Свирење вежби со дводелна и триделна. |
| - да се запознае и да изведува кратки музички форми со примена на техниката на варирање на музичкиот материјал; | | | - Свирење вежби со примена на техниката на варирање. |
| - да се запознае и да изведува кратки музички форми со потекло од фолклорот. | | | **Методи:**<br>монолошка<br>дијалошка<br>демонстративна. |

| Наставен предмет – ПИЈАНО | | | |
|---|---|---|---|
| Тема IV - СВИРЕЊЕ ПРИМА ВИСТА ( 12 часа) | | | |
| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
| Ученикот/ученичката:<br><br>- да идентификува едноставен непознат нотен запис;<br>- да развива вештина за свирење непознат нотен запис според принципот прима- виста. | - Едноставни едногласни и двогласни нотни записи кои содржат четвртини и половини - нотни вредности и се запишани во прва и мала октава, прикладни за идентификување и свирење прима-виста. | - Прима виста | **Активности**<br><br>- Свирење едноставни непознати едногласни и двогласни вежби.<br><br>**Методи:**<br>монолошка<br>дијалошка<br>демонстративна. |

| Наставен предмет – ПИЈАНО | | | |
|---|---|---|---|
| **Тема V** - КРЕАТИВНИ ВЕШТИНИ - СВИРЕЊЕ ПО СЛУХ и ИМПРОВИЗАЦИЈА (10 часа) | | | |
| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
| Ученикот/ученичката:<br><br>- да развива вештина за репродуцирање едноставни мелодии по слух според принципот на импровизација, со една и со две раце;<br><br>- да импровизира технички вежби со шесаестини, осмини со точка, триоли и трилери;<br><br>- да импровизира во 2/4, 3/4, 4/4, 3/8 и 6/8 такт;<br><br>- да импровизира и транспонира во Ге-дур, Де-дур, Еф-дур, и Бе-дур со акордска придружба;<br><br>- да импровизира со кратки имитации;<br><br>- да импровизира во дводелна и тределна форма. | - Познати мелодии | - Импровизација<br>- Свирење по слух<br>- Акордска придружба | **Активности**<br><br>- Свирење познати мелодии со една рака.<br><br>- Свирење познати мелодии со двете раце во хомофон стил (мелодија со акордска придружба).<br><br>**Методи:**<br>монолошка<br>дијалошка<br>демонстративна. |

Забелешка: Сите поими и задачи што се означени со знакот ***, не се задолжителни за обработка или усвојување.

## 4.ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

Наставните содржини по предметот пијано за трето одделение на основното музичко образование даваат можност да се реализираат интегрирано со содржините од предметот солфеж. Исто така, се дава можност за внатрешно интегрирано планирање на сите теми во согласност со потребите на учениците и планираните активности. Во табелата е даден бројот на часовите на секоја од 5-те теми и бројот на задолжителниот минимум на градиво кое ученикот треба да го совлада во текот на трето одделение. И двете мерки се ориентациони.

Годишен фонд на часови- ориентационо:

| | **ТЕМИ** | **Број на часови** | **Број на вежби годишно** |
|---|---|---|---|
| 1. | Музичка писменост | 20 часа | 15 - 20 вежби |
| 2. | Техничка компонента на изведбата за пијано | 20 часа | 4 скали и 15-20 вежби |
| 3. | Интерпретациска компонента на изведбата за пијано | 10 часа | 10 - 20 вежби |
| 4. | Свирење прима-виста | 12 часа | секое ново дело |
| 5. | Креативни вештини - свирење по слух и импровизација | 10 часа | 10 - 20 вежби |
| **Вкупно годишно** | | **72 часа** | **меѓу 50 - 80 вежби годишно** |

**Наставни средства**

Методски прирачници- предлог:
- Пиперковска- Распеани и разиграни прстиња 1
- Пиперковска- Распеани и разиграни прстиња 2
- Кршиќ- Почетна школа за пијано (1)
- Кршиќ- Клавирска читанка (2)
- Николаев- Школа за свирење пијано
- Пиперковска- прирачник за скали и акорди
- Ладислав Шабан- прирачник за скали и акорди

## 5.ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Во текот на наставата редовно и континуирано се следат и вреднуваат постигањата на учениците и се прибираат показатели за нивната редовност, ангажираност, техничката и интерпретациската компонента на музичкото изразување, како и за посветеноста во работата. При следењето на постигањата на учениците, наставникот треба особено да внимава на индивидуалниот пристап во постигањата кај секој ученик. Сите обработувани содржини и податоците за редовноста, обработуваниот материјал и постигањата треба да се бележат во ученичкиот дневник за индивидуална настава кој на годишниот испит ќе служи како едно од мерилата за формирање на годишната оценка. Секое тримесечје ученикот се оценува од матичниот наставник во училишниот дневник според претходно наведените критериуми. Финалната годишна оценка се добива со полагање на годишен испит пред трочлена комисија на крајот од учебната година. Испитната програма се изведува напамет. При полагањето учениците се оценуваат описно со краток текст. Наставникот при оценувањето треба да има индивидуален пристап кон секое дете. Во текот на учебната година се препорачува да се одржат минимум два јавни часа на кои ќе настапат сите ученици пред публика. Завршната оценка се формира според индивидуалните способности на детето, редовноста, ангажираноста, посветеноста, тримесечните оценки добиени преку увид во дневникот за индивидуална настава и нивото на квалитетот при изведбата на зададените музички дела на годишниот испит.

Годишниот испит по пијано за учениците од трето одделение се состои од:

1. Изведба на една од дурските скали со 1 или 2 предзнаци тоа на следниот начин:

Низи - во опсег од една октава, во паралелно движење со двете раце.
Квинтакорд на првото стапало од истата скала и неговите свртувања, во опсег од една октава, само симултано со двете раце.

2. Изведба на 4 пиеси, во различно темпо и со различен карактер од наведените учебници - школи за пијано, по слободен избор. Пиесите се изведуваат на памет. Се препорачува една од пиесите да биде во полифон слог, но не е задолжително. Исто така една од пиесите може да биде компонирана од самиот ученик на часовите по импровизација, по можност во дводелна или тригелна форма.

## 6.ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Програмата во однос на просторните услови за реализација се темели на нормативот за простор за основно музичко училиште и за наставните средства донесен од страна на министерот за образование и наука со решение бр.      од        година.

## 7.НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

Наставата по пијано за трето одделение на основното музичко училиште може да ја изведува лице кое завршило:
- факултет за музичка уметност- вокално-инструментален оддел, насока пијано, степен ВИИ/1.

## 8.ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ

Ученикот/ ученичката:
- да покажува правилна интерпретација на зададените поими од областа на нотната писменост;
- да покажува вештина за изедначеност, јасност и компактност во тонската звучност;
- да покажува вештина за координирано и синхронизирано свирење со двете раце;
- да покажува вештина за интепретација на тонски скали до два предзнаци во опсег од една октава и акорди на главните стапала;
- да покажува вештина за интерпретација на едноставни дела со полифон слог;
- да покажува вештина за интерпретација на мали дводелни и триделни музички форми;
- да демонстрира музичка меморија;
- да ги применува инерпретациските ознаки и стилските особини при свирењето на музичко дело;
- да репродуцира едногласни и двогласни нотни записи преку свирење прима-виста;
- да покажува вештина за репродуцирање едноставни мелодии по слух и да компонира свои композиции според принципот на импровизација.

**Изготвил:** работна група формирана со решение бр. 02-1231/1 од 09.04.2010 година,
координатор Анкица Витанова, советник во Бирото за развој на образованието - Скопје

**Контролирал:** д-р Насе Кондовски, раководител на одделение во Бирото

**Одобрил:** м-р Митко Чешларов, раководител на сектор во Бирото.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
КАБИНЕТ НА МИНИСТЕРОТ
Бр. 07-647/19
15. 10. 2010 год.
СКОПЈЕ

## 9.ПОТПИС И ДАТУМ НА УТВРДУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма по предметот ***пијано*** за III одделение на деветгодишното основно музичко образование на предлог на Бирото за развој на образованието, ја утврди:

на ден ______________________

Скопје

**Министер**

______________________

**Никола Тодоров**